


SES

Macedonian

Луњите може да бидат многу опасни.

Луњите може да бидат со силен ветер, пороен дожд, со молњи и град.

Поројниот дожд може да предизвика поплави. Ниските предели може да бидат поплавени за час.

Слушајте ги предупредувањата за луња. Кажете им и на соседите и пријателите ако слушнете предупредување.

Ако возите, застанете на безбедно место, подалеку од сообраќајот. Вклучете ги светлата за опасност и чекајте луњата да помине.

**НЕ ПАРКИРАЈТЕ** го возилото под дрвја. За време на луња може да паднат дрвја и гранки.

Ако сте надвор, побарајте засолниште внатре. **НЕ ЗАСОЛНУВАЈТЕ** се под дрвја.

Обезбедете ги сите подвижни предмети во градината и околу куќата.

Ако сте внатре, бидете подалеку од прозорците.

Слушајте ABC или локална радио станица за предупредувања за времето и препораки.

Подгответе план за итни случаи за вашиот дом или бизнис.

Подгответе план за итни случаи за вашиот дом или бизнис.

- Важни документи (пасоши/кредитни картички, лекови)
- Радио на батерии
- Комплет за прва помош
- Светилка
- Фотографии и документи за идентификација.

За помош при поплави и луња јавете се на 132 500.

За итни ситуации опасни по живот јавете се на 000.

Ако треба да се евакуаритте, земете го комплетот за итни случаи со вас.

**НИКОГАШ** не возете, јавајте или пешачете низ поплавни води.

**НИКОГАШ** не дозволувајте им на децата да играат во поплавни води. Водата е нечиста и опасна.

Кога луњата ќе помине, кажете им на луѓето дека сте во ред.